**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 30
26. 02 **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 9-та седница одржано на 25.02.2019 година согласно Заклучокот бр.02-997/10 од 25.02.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП, на 11 и 25 декември 2018 година, во рамки на изданијата на „24 Отворено", емитувани се делови од емисиите на бугарски односно српски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик, и тоа:

- Во рамките на емисијата „24 Отворено" - информативна емисија, емитувана на 11.12.2018 година во периодот од 20:47:00 до 22:05:21 часот, реализирани се четири вклучувања во живо на новинар од бугарска телевизија, којшто говори на бугарски јазик, без притоа да биде обезбеден превод на македонски јазик. На крајот од секој од првите две вклучувања, новинарот - водител на емисијата прави кратко сублимат на исказите од бугарски јазик, што во однос на времетраењето на двете вклучувања емитувани на бугарски јазик, е несразмерно. На говорот од последните две вклучувања во програмата од страна на новинарот од бугарската телевизија, новинарот - водител на емисијата „24 Отворено" не прави сублимат на исказите од бугарски јазик. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик; и
- Во изданието на „24 Отворено" - информативна емисија, емитувана на 25.12.2018 година во периодот од 20:45:06 до 22:41:45 часот, еден од тројцата - новинари гости, говори на српски јазик, при што дел од неговите прашања што ги поставува до гостинот во емисијата (претседателот на Владата на Република Македонија) и дел од неговите дискусиии не се преведени на македонски јазик, а дел од неговите прашања и дискусии се преведени на македонски јазик, испишани на титл на екранот. Времето на појава на титлот во одредени ситуации не е целосно синхронизиран со говорот на гостинот. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецdownифицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 28 декември 2018 година, изврши вонреден надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП, емитуван на 11 и 25 декември 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Имено, со надзорот констатирано е дека наведениот радиодифузер во рамките на емисијата „24 Отворено"- информативна емисија, емитувана на 11.12.2018 година во периодот од 20:47:00 до 22:05:21 часот, реализирани се четири вклучувања во живо на новинар од бугарска телевизија, којшто говори на бугарски јазик, без притоа да биде обезбеден превод на македонски јазик. На крајот од секој од првите две вклучувања, новинарот- водител на емисијата прави кратко сублимат на исказите од бугарски јазик, што во однос на времетраењето на двете вклучувања емитувани на бугарски јазик, е несразмерно. На говорот од последните две вклучувања во програмата од страна на новинарот од бугарската телевизија, новинарот-водител на емисијата „24 Отворено" не прави сублимат на исказите од бугарски јазик. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик. Исто така, врз основа на спроведениот надзор во изданието на „24 Отворено"- информативна емисија, емитувана на 25.12.2018 година во периодот од 20:45:06 до 22:41:45 часот, еден од тројцата-новинари гости, говори на српски јазик, при што дел од неговите прашања што ги поставува до гостинот во емисијата (претседателот на Владата на Република Македонија) и дел од неговите дискусиии не се преведени на македонски јазик, а дел од неговите прашања и дискусии се преведени на македонски јазик, испишани на титл на екранот. Времето на појава на титлот во одредени ситуации не е целосно синхронизиран со говорот на гостинот. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 30.01.2019 година, испрати допис со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 08.02.2019 година, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип по електронски пат достави Произнесување бр.03-109/1 од 07.02.2019 година (наш арх.бр.03-30 од 08.02.2019 година).

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на на првото продолжение на 9-та седница одржано на 25.02.2019 година согласно Заклучокот бр.02-997/10 од 25.02.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.